Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија–Скопје
Број: 04-24/1323
16.09.2026 година
Скопје

Согласно член 37-љ и член 37-м од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги бр.0201-6041/4 донесен од Управниот одбор на ден 04.12.2017 година и врз основа на член 32 од Статутот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Директорот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, донесе:

# ОДЛУКА
## за неизвршен избор на кандидат по јавен оглас за вработување на давател на јавна услуга

1.За извршител на работите од работно место под реден број 3, шифра КДР0305Б04091 Пружен работник, група Депо, Делница Скопски чвор, Одделение за пруги-останати пруги, Сектор ЗОП-Скопје, 1 извршител, не се врши избор на кандидат.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисијата за селекција во постапка за вработување на неопределено време на давател на јавна услуга, формирана со Решение бр. 04-24/1238 од 21.08.2026 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на давател на јавна услуга за извршување на работите од т.1 на оваа Одлука, а по објавениот оглас бр. 1/2026 од 24.08.2026 година во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коha ", спроведе постапка согласно Законот за јавните претпријатија.

Согласно резултатите од сите фази во постапката за вработување, Комисијата за селекција во постапка за вработување на давател на јавна услуга до Директорот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје достави ранг-листа на кандидати.

Со оглед на тоа, а имајќи во предвид дека за работно место од точка 1 од оваа одлука нема пријавени кандидати за вработување, директорот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје донесе одлука како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до надлежен орган согласно со закон во рок од 8 дена по приемот на оваа одлука и по нејзиното објавување на интернет страната и на огласната табла на Јавното претпријатие.

Доставено до:
-Сектор за управување со човечки ресурси

Директор

Синиша Ивановски

Изработил: Ј.Т.Трипуновска
Проверил: Л.М.Петровска
Согласен: Ц.Поповска